# Содржина – Северна Македонија


*Како да пријавите корупција и да добиете правната заштита?* ..... *3*

*Клучни информации за укажувањето* ..... *4*

- Што е укажување? ..... 4
- Кој може да пријави неправилност? ..... 4
- Кој има право на заштита за пријавување на неправилност? ..... 4
- Дали анонимно може да се пријави неправилност? ..... 5
- Дали укажувањето е доверливо? ..... 5
- Која неправилност може да се пријави? ..... 5
- Дали се потребни докази или е доволно разумно сомневање дека информацијата за неправилност е точна? ..... 6
- Дали мотивацијата на свиркачите е ставена на оценка во смисла на добра волја? ..... 6
- Каков вид на заштита им овозможува законот на укажувачите? ..... 6
- Што претставува злоупотреба на укажување и кои се последиците? ..... 7
- Дали укажувачите се заштитени од дисциплинска, граѓанска и кривична одговорност во врска со пријавување на неправилност? ..... 7

*Постапки за укажување* ..... *8*

- Како може да се пријави неправилност? ..... 8
- Која е постапката за внатрешно пријавување? ..... 8
- Која е постапката по приемот на внатрешната пријава? ..... 9
- Која е постапката за надворешно пријавување? ..... 10
- Која е постапката по приемот на надворешната пријава? ..... 11
- Дали има казни за повреда на постапката за примање, истражување и испитување на внатрешни и надворешни пријави? ..... 12
- Под кои околности може да се направи јавно обелоденување/пријавување? ..... 12

*Заштита на укажувачите од одмазда* ..... *14*

- Од каков вид на одмазда е заштитен укажувачот? ..... 14
- Кој има право на заштита? ..... 14
- Од кого може да се бара заштита? ..... 15

*Правна поддршка за укажувачите* ..... *17*

- Која правна поддршка е достапна за укажувачите? ..... 17
- Кои информативни материјали за системот за укажувачи се достапни? ..... 18

*Дополнителни информации и ресурси* ..... *19*

- Врски до релевантни агенции и организации и нивни контакти ..... 19

**Врски до извештаи за укажување и заштита на укажувачи ................................................ 19**

# Како да пријавите корупција и да добиете правната заштита?

Оваа содржина има за цел да и обезбеди на јавноста информации за можностите за заштитено пријавување на корупција во Северна Македонија. Овде можете да дознаете што значи заштитено пријавување, кој може да пријави корупција и кои неправилности може да се пријават. Можете исто така да дознаете како да пријавите неправилности и на кого. Следната содржина дава информации за можностите за заштита од штетни дејствија што може да се преземат за да се одврати пријавувањето на неправилности или одмазда како резултат на пријавувањето.

Врз основа на следните информации, можете да ги процените информациите што ви се достапни, а кои може да укажуваат на корупција, да одлучите дали вашите информации даваат основа за заштитено пријавување на корупција, кои се можните последици од пријавувањето корупција и злоупотребата на пријавување корупција.

Оваа содржина е подготвена врз основа на важечката регулатива, пред се Законот за заштита на укажувачите. Доставените информации не служат како правен совет и затоа се препорачува детално да се консултирате со регулативата и да се обратите до надлежните органи за конкретни упатства. Оваа содржина дава информации за релевантни институции кои обезбедуваат правна помош за укажувачите.

# Клучни информации за укажувањето

## Што е укажување?

Укажувањето е откривање информации во корист и за заштита на јавниот интерес. Самиот термин „укажувач“ означува лице кое предупредува за одредени незаконски дејствија или неправилности.

Согласно Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015, 35/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ 257/20, во натамошниот текст: Законот), заштитено пријавување е откривање информации со кои се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Укажувањето се врши:

- по волја на укажувачот,

- за заштита на јавниот интерес и

- без надомест или награда.

## Кој може да пријави неправилност?

Укажувач е лице кое врши заштитено пријавување со добра намера. Пријавувањето неправилност се однесува како на јавниот така и на приватниот сектор, односно ги опфаќа сите регистрирани правни лица.

Има неколку категории на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи:

- лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во институцијата односно правното лице за каде пријавува;
- лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- лице кои по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата, односно правното лице за каде пријавува;
- лице кое користи или користело услуги во институцијата, односно правното лице во јавниот и приватниот сектор за каде пријавува.

## Кој има право на заштита за пријавување на неправилност?

Согласно законот, на укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право, при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради

извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување.

Како блиско лице се сметаат брачниот и вонбрачниот другар, роднините по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до втор степен, посвоеник и посвоител и друго лице кое заштитеното лице го смета за блиско лице и за кое се бара да биде заштитено согласно закон.

Покрај тоа, правото на заштитата е проширено и ги опфаќа и лицата кои ќе сторат веројатно дека оној кој е пријавен може (погрешно) да се сомнева дека извршиле пријавување против него.

Во законот не е содржана одредба за заштита од одмазда на укажувачите кои пријавуваат анонимно, а кои подоцна се идентификуваат.

## Дали анонимно може да се пријави неправилност?

Заштитеното пријавување од страна на укажувачи може да биде анонимно.

## Дали укажувањето е доверливо?

Забрането е откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач без негова согласност, освен кога тоа се бара со судска одлука кога е неопходно потребно за водење на постапка пред надлежен орган.

Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи, раководителот на институцијата, управителот на правното лице и секој што ќе дојде до доверливи информации за идентитетот на укажувачот е должен да ги заштити. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот/нејзиниот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка. За откривањето на идентитетот на укажувачот врз основа на донесена судска одлука, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да го извести укажувачот пред откривањето на идентитетот.

За нарушување на доверливоста на податоците за идентитетот на укажувачот е предвидена парична казна, односно глоба во износ од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на поединец, институција или компанија/правно лице.

## Која неправилност може да се пријави?

Како неправилност се пријавува сѐ она што го повредува или го загрозува јавниот интерес, и тоа:

- Сомневање или сознание за корупција,
- Сомневање или сознание за какво било друго кривично дело или прекршок,
- Загрозување на владеењето на правото,

- Сомневање или сознание за повредување на слободите и правата на човекот и граѓанинот,
- Загрозување на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото,
- Загрозување на здравјето и безбедноста,
- Загрозување на животната средина и на природата.

Повреда на јавниот интерес означува реализирано штетно дејствие врз вредноста која се штити, додека загрозувањето се однесува на создавање опасност од повреда на заштитеното добро или вредност.

Пријавувањето неправилности со кои се повредува или загрозува јавниот интерес може да се однесува како на извршени дејствија, дејствија кои се во тек, така и на дејствија за кои е веројатно дека ќе се извршат. Тоа значи дека се опфатени и дејствијата или пропуштањата кои сè уште не се случиле.

## Дали се потребни докази или е доволно разумно сомневање дека информацијата за неправилност е точна?

Во законот се наведува дека за да биде заштитено, лицето мора да го изврши пријавувањето со добра намера и врз основа на разумно сомневање дека во моментот на пријавување, информациите содржани во пријавата биле вистинити. Материјалните докази не се ексклузивен услов за заштитеното пријавување.

Согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во јавниот сектор, откако овластеното лице за прием на пријави од укажувачи ќе ја прими пријавата врши проценка, односно дали пријавата е логична, разумна и дали содржи доволно елементи за понатамошно постапување. Доколку во прилог на пријавата се поднесени докази тоа ќе го олесни надлежното постапување.

## Дали мотивацијата на свиркачите е ставена на оценка во смисла на добра волја?

Од укажувачите не се бара да докажат дека дејствувале со добра намера и дека нивната пријава е вистинита.

## Каков вид на заштита им овозможува законот на укажувачите?

Заштитата на укажувачите може да биде административна и судска.

Институцијата или правното лице каде е направено пријавувањето има примарна обврска да обезбеди заштита на укажувачот.

Доколку на укажувачот не му е обезбедена заштитата од страна на институцијата односно правното лице каде е извршено пријавувањето, укажувачот ова може веднаш да го пријави и да побара заштита од Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител, Инспекцискиот Совет, Министерството за внатрешни работи и Државното јавно обвинителство.

Свиркачот може да побара судска заштита со поднесување тужба. Судската постапка е итна.

## Што претставува злоупотреба на укажување и кои се последиците?

Злоупотреба на пријавувањето од страна на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

Злоупотреба на пријавувањето од страна на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотребата укажувачот ја губи правната заштита. Злоупотребата на пријавувањето од страна на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност.

Во законот не е конкретно наведено дека заштитата и понатаму се применува доколку пријавувањето невистинити информации настанало како резултат на искрена грешка, односно доколку лицето не било свесно дека информациите не се вистинити. За укажувачот е доволно да биде разумно уверен дека информациите што ги пријавува се вистинити во моментот на поднесување на пријавата. Заштитата престанува доколку пријавувањето претставува злоупотреба на заштитеното известување - укажување.

Законот за заштита на укажувачите не содржи казнени одредби за свесно лажно пријавување. Санкции може да се применат преку други закони, на пример, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета или Лажно пријавување кривично дело - член 366 од Кривичниот законик. Надоместокот се однесува и на материјалната и на нематеријална штета.

## Дали укажувачите се заштитени од дисциплинска, граѓанска и кривична одговорност во врска со пријавување на неправилност?

Согласно законот, на укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право, при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено пријавување. Заштитата од друга одговорност, граѓанска или кривична, во врска со укажувањето не е конкретно регулирана со Законот.

# Постапки за укажување

## Како може да се пријави неправилност?

Заштитеното пријавување може да биде: внатрешно, надворешно или јавно пријавување.

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши во институцијата за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Под услови пропишани со закон, укажувачот може да изврши пријавување и надвор од институцијата, односно правното лице, за каде го врши пријавувањето. Таквото пријавување се смета за заштитено надворешно пријавување. Заштитено надворешно пријавување укажувачот може да го врши со пријавување до: Министерството за внатрешни работи, Јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител или други надлежни институции, односно правни лица.

Укажувачот може да врши заштитено јавно пријавување со правење јавно достапни информации за незаконска или забранета активност, која била спроведена, се спроведува или може да се спроведе доколку:

- заштитеното внатрешно и надворешно пријавување е оневозможено поради невоспоставена постапка, односно постапка за прием на пријави согласно закон или

- укажувачот по заштитеното внатрешно и надворешно известување не добил информација за преземени мерки во законски утврдениот рок или

- не се преземени мерки или постои лесно препознатлива опасност од уништување докази или прикривање одговорност.

## Која е постапката за внатрешно пријавување?

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши во институцијата, односно правното лице, за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело, или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Пријавувањето се врши кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи. Тоа е лицето кое е овластено од раководното лице на институцијата односно правното лице да постапува по пријави од укажувачи. Доколку раководното лице не овласти лице за прием на пријави од укажувачи, како што е утврдено во законот, тогаш тоа самото ја презема улогата на овластено лице.

Заштитеното внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор е регулирано со подзаконски акт - Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2016, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e30339a7d6d746969df12373a759fccb.pdf), додека заштитеното внатрешно пријавување во приватниот сектор е регулирано со интерен акт на правното лице со најмалку 10 вработени што треба да биде во согласност со Законот за заштита на укажувачите и подзаконскиот акт - Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување

во правното лице во приватниот сектор, („Службен весник на Република Македонија" број 46/2016, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e30339a7d6d746969df12373a759fccb.pdf).

Наведените интерни акти треба да бидат јавно достапни за сите вработени во институцијата или правното лице.

Заштитено внатрешното пријавување укажувачот го врши усно на записник или во писмена форма (по пошта или електронски) до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Законот не определува формулари, но во Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор и во Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2016 https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e30339a7d6d746969df12373a759fccb.pdf) е определено доколку пријавата е добиена усно овластеното лице составува записник и во него внесува:

- податоци за укажувачот,

- податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува,

- опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, како и

- начин на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот, предложен од укажувачот.

## Која е постапката по приемот на внатрешната пријава?

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, односно раководното лице во институцијата, односно правното лице е должно:
- да постапува по пријавите со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно пријавување;
- да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот, кој е познат, за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Раководното лице во институцијата односно правното лице обезбедува независност во работата на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него/неа од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување. Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник. Содржаната на записникот се потврдува со потпис на укажувачот и овластеното лице за прием на пријави. Овластеното лице ја заведува примената пријава со ставање посебен приемен штембил и евидентирање на пријавата во посебниот деловодник.

Доколку се работи за пријава по која е надлежна да постапува друга институција, овластеното лице е должно најдоцна во рок од 8 дена да ја заведе и да ја проследи до надлежната институција. Овластеното лице ја проследува пријавата до службеното лице на институцијата откако претходно ќе ги издвои личните податоци и други податоци кои може да го откријат идентитет на укажувачот, доколку истиот барал да остане доверлив.

Овластеното лице го известува раководното лице на институцијата/субјектот за наводите од содржината на пријавата и заклучоците, освен ако овластеното лице при вршењето на проценката нé заклучи дека наводите од содржината на извештајот се непосредно или посредно насочени против раководното лице. Во тој случај, пријавата се проследува до надлежната институција (на пример, Јавното обвинителство, Министерство за внатрешни работи или друга надлежна институција) согласно Законот.

Доколку до овластеното лице од страна на укажувач е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право или од областа на организираниот криминал, за чие докажување е потребно укажувачот да сведочи, тогаш, по претходна писмена согласност на укажувачот, овластеното лице до надлежните институции (пример, Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство) иницира постапка за вклучување на укажувачот во Програмата за заштита на сведоци.

Овластеното лице е во постојана комуникација со укажувачот, при тоа:
- го известува за текот како и за дејствијата кои се преземени во текот на постапувањето по пријавата,
- му овозможува увид во списите на предметот, прибавени во текот на постапувањето,
- го известува за исходот од постапувањето по пријавата.

## Која е постапката за надворешно пријавување?

Заштитеното надворешно пријавување се врши доколку:

- пријавувањето, непосредно или посредно, е насочено против раководното лице во институцијата или правното лице за каде пријавува;
- укажувачот во врска со пријавувањето што го направил во институцијата или правното лице за каде што пријавува, не добие информација за преземени мерки во законски утврдениот рок;
- не се преземени мерки;
- укажувачот не е задоволен од постапувањето;
- пријавувањето што го направил во институцијата или правното лице за каде пријавува ќе предизвика штетни последици по него или нему блиските лица.

Заштитено надворешно пријавување укажувачот може да го врши со пријавување до:

- Министерството за внатрешни работи,

- надлежното јавно обвинителство,

- Државната комисија за спречување на корупцијата,

- Народниот правобранител или

- други надлежни институции, односно правни лица.

Постапувањето на институциите надлежни за заштитено надворешно пријавување, покрај со законот, е регулирано и со подзаконски акт - Правилник за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2016, https://www.slvesnik.com.mk/Issues/e30339a7d6d746969df12373a759fccb.pdf).

Раководното лице пропишува внатрешни процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и презема мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации.

Раководното лице на овластеното лице му обезбедува независност во работата.

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно од укажувач или доставени од овластено лице од друга институција, во писмена форма (доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче) или усно (со прилог писмени записници од лицето кое постапува по пријавата на укажувачот).

Заведувањето на примените пријави овластеното лице го врши со ставање посебен примен штембил и евидентирање во посебен деловодник.

## Која е постапката по приемот на надворешната пријава?

Постапувајќи согласно законот и пропишаните процедури, институцијата или правното лице каде е извршено надворешното пријавување најнапред треба да процени дали е надлежено да постапува во врска со пријавувањето и доколку утврди дека не е надлежно, во рок од осум дена од денот на приемот, ќе ја проследи информацијата до надлежниот орган и за тоа ќе го информира укажувачот.

По приемот и заведувањето на пријавата овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување. Доколку пријавата е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување овластеното лице презема мерки во согласност со неговите надлежности.

Доколку пријавата е поднесена до повеќе институции тие меѓусебно соработуваат и ги координираат активностите, разменуваат искуства како и правна и стручна помош, планираат и договорно преземаат активности од нивна надлежност по прашањата изнесени во пријавата. Се препорачува укажувачите во своите пријави да забележат кои други институции ги информирале за неправилноста.

Институциите односно правните лица до кои укажувачот извршил заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Покрај тоа, институцијата односно правното лице до кое укажувачот ја доставил пријавата е должна:

- на барање на укажувачот да му даде известување за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата, како и да му озвозможи на укажувачот, согласно закон, увид во списите на предметот, и

- по завршувањето на постапката, да го извести укажувачот, кој е познат, за исходот на постапувањето по пријавата.

Заведувањето на примените пријави овластеното лице го врши со ставање посебен примен штембил и евидентирање во посебен деловодник.

## Дали има казни за повреда на постапката за примање, истражување и испитување на внатрешни и надворешни пријави?

Во законот се пропишани глоби, и тоа:

- за овластени лица кои не постапиле по пријава согласно утврдената постапка, не ги заштитиле личните податоци на укажувачот или не го информирале за преземените мерки (од 100 до 500 евра),

- за организации кои не ги прават јавно достапни актите за заштитено внатрешно пријавување (од 250 до 2.000 евра, во зависност од бројот на вработени во институцијата, односно правното лице, додека за раководното лице од 250 до 500 евра).

- за институциите односно правните лица за заштитено надворешно пријавување кои не постапуваат по пријавата на укажувачот согласно закон, вклучувајќи и во однос на заштитата на личните податоци на укажувачот (од 5.000 до 10.000 евра), глоба за лицата овластени за прием на пријави од укажувачи (500 евра), како и за институции или правни лица кои постапуваат спротивно на одредбите што предвидуваат преземање мерки за заштита на личните или други податоци што го откриваат идентитетот на укажувачот (од 1.000 до 10.000 евра, во зависност од бројот на вработени во институцијата, односно правното лице),

- за јавни институции кои не доставуваат полугодишни извештаи за случаи на укажување (од 1.000 до 4.000 евра) и за нивните раководни лица (500 евра).

## Под кои околности може да се направи јавно обелоденување/пријавување?

Укажувачот може информацијата да ја направи јавно достапна (преку печатени или електронски медиуми, социјални мрежи) доколку:

- не му е овозможено внатрешно или надворешно пријавување поради невоспоставена процедура, односно постапка за прием на пријави согласно закон,

- во законскиот рок не добил информација за преземените мерки по извршено внатрешно односно надворешно пријавување,

- по извршеното внатрешно односно надворешно пријавувањето не се преземени мерки, или

- постои „лесно препознатлива опасност“ од уништување докази или прикривање одговорност.

Согласно законот, при заштитеното јавно обелоденување /пријавување укажувачот не смее да ги направи достапни:

- личните податоци на субјектот кои не се од значење за заштитеното пријавување,

- информациите што се сметаат за класифицирани,

- информациите со кои се загрозува водење на кривична, прекршочна или граѓанска постапка,

- информациите со кои може да се повреди националната безбедност.

Лицата кои не ја почитуваат оваа одредба ја губат правната заштита.

# Заштита на укажувачите од одмазда

## Од каков вид на одмазда е заштитен укажувачот?

На укажувачот и нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетени дејствија заради извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување. Правата од работен однос примарно се заштитени, како што се заштита од дисциплинска одговорност и санкција, престанок на работниот однос, суспензија, прераспоредување на друго понеповолно работно место, дискриминација или друго, заштитата важи и за сите други права.

Законот предвидува дека одредбите во договорите за вработување и другите акти со кои се уредуваат работни односи и работни ангажмани, со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание за казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната или пак таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност се сметаат за ништовни.

Дејствијата на одмазда против укажувачот може да претставуваат прекршок или кривично дело. Имено, во Кривичниот законик има посебно поглавје за кривични дела против работните односи (меѓу кои, Повреда на правата од работен однос - член 166, Повреда на правото на социјална сигурност - член 167). Покрај тоа, дејствијата на лицето што му се одмаздува на укажувачот може да се поврзат и со други кривични дела, во зависност од нивното манифестирање.

## Кој има право на заштита?

Покрај укажувачот и лицата блиски до него, заштита од одмазда е обезбедена и за лицата кои (погрешно) се осомничени дека извршиле пријавување.

Заштитени се соработниците на правдата како и лицата кои сведочат. Така, не може да се преземе кривично гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење на корупција. Исто така, на лицето што дало изјава или сведочело во постапка за коруптивно дело му се обезбедува заштита. Покрај тоа, лицето има право на надоместок на штета што може да ја претрпи тој/таа или член на неговото/нејзиното семејство поради дадената изјава или сведочење.

Посебна заштита имаат лицата кои професионално работат на спречување на корупција. Имено, на лицата што работат во органите за откривање и сузбивање на корупцијата им се обезбедува целосна заштита и независност, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности и врз нив не смее да се врши притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси особено ја потенцира заштитата и независноста на овластените лица за прием на пријави од укажувачи.

Законот за вработените во јавниот сектор ги штити вработените во јавниот сектор кои усно или писмено пријавиле сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената должност или друго незаконито или

недозволиво постапување со кое се загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната, им се обезбедува заштита и им се гарантира доверливост и анонимност.

## Од кого може да се бара заштита?

Обврска за обезбедување на заштита за укажувачот има институцијата или правното лице каде е извршено пријавувањето со преземање на дејствија да се спречи повреда на правата. Ова вклучува заштита од повреда на правата од работен однос или било кое друго право, како и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на  укажувачот заради извршеното пријавување.

Заштитеното внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор е уредено со Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

Заштитеното внатрешното пријавување во приватниот сектор се уредува со внатрешен акт на правното лице согласно Правилникот за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

Заштитеното надворешно пријавување е уредено со  Правилник за заштитено надворешно пријавување. Доколку на укажувачот не му е обезбедена заштитата од страна на институцијата односно правното лице каде е извршено внатрешното пријавување, укажувачот ова може веднаш да го пријави во:

- Државната комисија за спречување на корупцијата;
- Народниот правобранител;
- Инспекцискиот Совет;
- Министерството за внатрешни работи, и
- Државното јавно обвинителство

Наведените органи имаат обврска од институцијата односно правното лице каде е извршено пријавуањето, да побараат известување за постоење на било каков вид на повреда на право на укажувачот и на членовите на неговото семејство, заради извршеното пријавувањето. Доколку се утврди повреда на правата на укажувачот тогаш наведените органи од институцијата односно правното лице бараат итно преземање на мерки за заштита на укажувачот со прекинување на дејствијата со кои се повредуваат правата на укажувачот.

Доколку се продолжи со повреда на правата на укажувачот тогаш наведените органи се должни без одлагање, најдоцна во рок од осум дена, да покренат:
- постапка за кривично гонење,
- постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или
- примена на други мерки на одговорност за избрани или именувани лица, службени лица и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал.

Горенаведените органи спроведуваат административна заштита.

Согласно законот, укажувачот има право на судска заштита. Судската заштита укажувачот може да ја оствари со тужба со која пред надлежен суд ќе бара:
- утврдување дека е преземено штетно дејствие или е повредено право заради укажување,
- забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право и повторување на штетно дејствие или повредување на право,

- поништување на акт со кој е извршена штетното дејствие или повреда на право,
- отстранување на последиците од штетното дејствие или повреда на право,
- надоместок на материјална и нематеријална штета.

Постапката пред надлежниот суд е итна.

Во случај на спор за постоење повреда на право на укажувачот и на негово блиско лице заради пријавување, товарот на докажување е на страна на институцијата, односно правното лице кое ги повредило правата на укажувачот и на членовите на неговото семејство. Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето.

# Правна поддршка за укажувачите

## Која правна поддршка е достапна за укажувачите?

Правната помош и поддршка на укажувачите не е регулирана со Законот за заштита на укажувачите.

Сепак, бесплатна правна помош е предвидена во Законот за бесплатна правна помош.

Бесплатната правна помош може да биде примарна и секундарна. Примарната правна помош ја обезбедува овластено службено лице од Министерството за правда, овластено здружение и правна клиника. Примарната правна помош опфаќа:

- иницијален правен совет за правото на користење бесплатна правна помош,
- општи правни информации,
- општи правни совети,
- помош при пополнување на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување формулари,
- подготвување претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот Правобранител и барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Секундарната правна помош е форма на бесплатна правна помош што ја дава адвокат регистриран во Регистарот на адвокати за секундарна правна помош. Секундарната правна помош опфаќа застапување во постапки пред суд, државен орган, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија и пред лица кои вршат јавни овластувања. Средствата за одобрување на бесплатната правна помош и трошоците за дадената правна помош се обезбедуваат од буџетот на Министерството за правда.

Право на примарна правна помош имаат сите физички лица кои живеат или престојуваат на територијата на Северна Македонија. Финансискиот критериум е клучен за добивање бесплатна правна помош. Укажувачите не се наведени како посебна категорија.

Корисни контакти:

Министерство за правда (http://www.pravda.gov.mk/)

Националното координативно тело за примена на Законот за бесплатна правна помош (https://pravnapomos.mk/nacionalno-koordinativno-telo/)

Регистар на адвокати за давање на правна помош (https://www.pravda.gov.mk/bp-advokati)

Регистар на здруженија за бесплатна правна помош (https://pravda.gov.mk/bpp)

Регистар на правни клиники (https://pravda.gov.mk/clinics)

## Кои информативни материјали за системот за укажувачи се достапни?

Законот, подзаконски акти – правилници, интерна процедура, Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите, како и Софтвер за заштита на укажувачи се ставени на веб страната на Државната Комисија за спречување на корупцијата (https://dksk.mk/). Годишните извештаи на Државната комисија за спречување на корупцијата кои даваат информации за спроведувањето на законот за заштита на укажувачите може да се најдат на нејзината веб страна.

Законот за заштита на укажувачите и податоци за овластеното лице се ставени на веб страната на Министерството за внатрешни работи (https://mvr.gov.mk/page/zakon-ukazuvaci). На веб страната на Народниот правобранител покрај Законот за заштита на укажувачи, податоци за овластеното лице, ставени се и правилниците за заштитено пријавување (https://ombudsman.mk/Почетна/Заштита_на_укажувачи.aspx).

Информативни материјали за системот на укажувачи може да се сретнат на веб страните на институции или граѓански организации.

Информативни материјали може да се најдат на веб-страниците на Транспаренси Интернешнл Македонија (https://transparency.mk/) и Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија (http://scoop.mk/).

# Дополнителни информации и ресурси

## Врски до релевантни агенции и организации и нивни контакти

Министерство за правда (https://pravda.gov.mk/),

Државна Комисија за спречување на корупцијата (https://dksk.mk/),

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија (https://mvr.gov.mk/),

Јавно Обвинителство на Република Северна Македонија (https://jorm.gov.mk/),

Инспекциски Совет (https://is.gov.mk/),

Народен Правобранител (https://ombudsman.mk/),

Транспаренси Интернешнл Македонија (https://transparency.mk/),

Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија (http://scoop.mk/).

## Врски до извештаи за укажување и заштита на укажувачи

Detlef Kreutzer, Handbook on Protection of Whistleblowers, 2016, https://dksk.mk/fileadmin/user_upload/5_Handbook_on_the_protection_of_whistleblowers.pdf

Прирачник за заштита на укажувачи, 2016, Државната комисија за спречување на корупцијата - Сојузната служба за администрација на СР Германија, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/Прирачник-за-заштита-на-укажувачи-1.pdf